„За подобро ментално здравје на младите”

З. Г. "ДОВЕРБА" Куманово
ЗА ПОХУМАН И ПОЗДРАВ ЖИВОТ

Здружение ДОВЕРБА-Куманово
www.doverbaku.org.mk


Проектот има за цел да ја подигне свеста за важноста на медиумска писменост за менталното здравје кај младите, односно:

- **да ги поттикне граѓаните заедно со медиумите да го актуелизираат проблемот во пошироката јавност;**
- **да ги анимираат надлежните институции заедно со младите, родителите, наставниците, стручните служби, да преземат мерки со кои ќе им се помогне на младите ефикасно да се справуваат со психолошките проблеми.**

Училишта кои учествуваат во проектот:

- **СОУ „Перо Наков” Куманово**
- **СОУ „Гоце Делчев” Куманово**
- **ОСТУ „Наце Буѓони” Куманово и**
- **Новинари од Радио Бум Куманово.**

Медиумски писмените граѓани се свесни за содржините кои ги користат, за начинот на кој пристапуваат до нив, за тоа кој ги креирал тие содржини и со каква цел. Тие размислуваат критички и ги користат мудро, етички и ефективно.




Гимназија „Гоце Делчев“ Куманово

СОУ „Перо Наков“ „Наце Буѓони“

Техничко училиште „Наце Буѓони“

Радио Бум Куманово


Проектот: „Писменост за вести и дигитална писменост - Справување со лажните вести” е финансиран од Европската Унија

Медиумската писменост е способност за пристапување, разбирање, анализирање и критичко оценување на различните медиуми и медиумски содржини, како и за создавање и споделување содржини преку различни комуникациски платформи.

Младите треба да научат критички да им пристапуваат, да ги анализираат и да ги оценуваат различните информации кои доаѓаат до нив преку многу разновидни извори, со што можат да станат идни **активни граѓани во општеството, а не само пасивни конзументи на медиумските пораки.**

Секоја информација која е објавена на традиционалните или на новите медиуми треба внимателно да се анализира и да се провери. Затоа кога следи некаква медиумска содржина, еден медиумски писмен човек треба да си ги постави следните прашања:

- **Кој ја создал оваа информација?**
- **Кои техники се употребени за да се привлече моето внимание?**
- **Кои вредности се претставени преку оваа содржина?**
- **Како различни луѓе ја толкуваат оваа содржина?**
- **Со која цел е испратена оваа порака?**



ИСТРАЖИ ГО ИЗВОРОТ НА ИНФОРМАЦИЈАТА

Оваа публикација е поддржана преку проектот „Писменост за вести и дигитална писменост - Справување со лажните вести“, што го спроведуваат Македонскиот институт за медиуми, Институтот за комуникациски студии и Институтот за медиуми и различности од Лондон, со финансиска поддршка од Европската Унија.
Содржините во публикацијата се единствена одговорност на авторот и на ДОВЕРБА - Куманово, и во никој случај не може да се смета дека ги одразуваат ставовите на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската унија